Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 148. Дата: 22. 10. 2012.

# Најдоброто допрва доаѓа

На една млада христијанка и била дијагностицирана тешка болест, а за живот и останале само уште 3 месеци. Бидејќи се решила „да ги среди“ работите пред смртта, го повикала црковниот старешина, за да го запознае со деталите врзани за нејзината последна желба.

Му кажала која песна сака да се пее на нејзиниот погреб, во која облека да биде закопана. Откако се договориле и старешината тргнал да си оди, таа се сетила на уште нешто што й било многу важно.



„Има уште една работа“ – рекла таа возбудено.
„Што е тоа?“ – прашал старешината.
„Ова е многу важно! Сакам да бидам закопана со виљушка во десната рака!!!“
Старешината погледнал кон младата жена, збунето.
„Тоа ве изненади, зар не?“ – прашала таа.
„Па, да бидам искрен збунет сум од ова барање“ – одговорил старешината.
Младата христијанка му објаснила: „ Во сите овие години откако ги посетувам христијанските дружења и се радувам на повиците за оброци, се сеќавам какво е чувството откако ќе седнеме на масата и откако сме завршиле со главното јадење, некој ќе дошепнеше: ‘ЗАДРЖИ ЈА ВИЉУШКАТА! НАЈДОБРОТО ДОПРВА ДОАЃА!’Тоа ми беше омилен дел од дружењето, затоа што знаев дека ќе дојде нешто подобро, нешто како десерт – солена торта или овошен колач. Нешто прекрасно и вкусно.

Затоа, кога ќе ме видат луѓето на погребот со виљушка во десната рака, ќе се запрашаат што значи тоа, а јас така ќе им порачам: задржете ја својата виљушка – најдоброто допрва доаѓа!

Очите на старешината се исполниле со солзи радосници и ја прегрнал пред да си оди. Знаел дека тоа е можеби за последен пат да ја види жива, но исто така знаел дека и нејзината слика за новиот свет е појасна од неговата. Имала јасна и цврста слика за разлика од многу постари и поискусни од неа. Таа знаела дека следи нешто подобро.




Кога луѓето проаѓале на нејзиниот погреб, за да й оддадат почит, ја забележале виљушката. И секогаш од почеток старешината го слушал истото прашање: „ Што значи оваа виљушка?“ И секој пат, тој само се насмевнувал. За време на погребниот говор на присутните им го прераскажал разговорот кој го водел со сестрата пред нејзината смрт. Им објаснил и што значи виљушката. Старешината на присутните им рекол дека не може да престане да размислува на виљушката, а и дека е уверен дека истото ќе им се случи и нив. И бил во право.

Апостол Павле, имајќи ја истата надеж и уверување, за Божјите ветувања во врска со вечниот живот, го запишал следново:

*„А нашето жителство е на небесата, од каде и Го очекуваме Спасителот, Господа Исуса Христа, Кој ќе го преобрази нашето унизено тело, да се сообрази со Неговото славно тело, според дејствието на Неговата сила, со која може да покори сѐ под Себе.“* (Филип.3:20-21).

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**